Врз основа на член 80, член 80а и член 81 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09…..51/26), член 54 од Статутот на општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20 и 19/20) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), Програмата за поставување на урбана опрема на јавна површина на подрачјето на општина Битола 2025-2026 бр.09-43/8 од 31.03.2026 година, донесена од страна на Советот на општина Битола, (“Сл. гласник на Општина Битола” бр.04/2026), Одлуката за поставување на урбана опрема- тезги и трицикла на подрачјето на општина Битола бр.09-43/11 од 31.03.2026 година (“Сл. гласник на Општина Битола” бр.04/2026) и Одлуката за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на тезги и трицикла бр.09-43/12 од 31.03.2026 година (“Сл. гласник на Општина Битола” бр.04/2026), Градоначалникот на општина Битола објавува:

# О Г Л А С бр. 01/2026
# ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛОКАЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Општина Битола издава локации за поставување урбана опрема за комерцијално користење на Градското шеталиште во Битола за периодот од 15.04.2026 до 15.10.2026 година.

**I. Локација за поставување на урбана опрема:**

➢ вкупно **4 (четири)** локации за поставување урбана опрема- тезга со површина од **2 м2 под Мезе Бар Јагода во Битола**.

➢ вкупно **5 (пет)** локации за поставување урбана опрема- тезга или трицикл со површина од **2 м2 до Детскиот парк, покрај оградата, во Битола**.

➢ вкупно **14 (четиринаесет)** локации за поставување урбана опрема- тезга или трицикл со површина од **2 м2 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен во Битола**.

**Локациите за поставување на урбана опрема ќе се издаваат за времетраење од 15.04.2026 до 15.10.2026 година.**

**Графички приказ со нумерички ознаки на локациите се дадени во прилог кон овој оглас.**

**II. Почетната цена за издавање на локација за поставување на урбана опрема на Градско шеталиште согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на тезги и трицикла бр.09-43/12 од 31.03.2026 година (“Сл. гласник на Општина Битола” бр.04/2026), изнесува:**

- **2.500,оо денари по локација под Мезе Бар Јагода (тезги)**
- **4.000,оо денари по локација до детскиот парк, покрај оградата (тезги и трицикла)**
- **5.000,оо денари по локација по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен (тезги и трицикла)**

Почетните цени за издавање на времено користење на локации за поставување на урбана опрема се однесуваат на месечен период.

**Во почетната цена за издавање на урбана опрема НЕ СЕ содржани трошоците за комунална такса, одржување на хигиена, приклучок и трошок за електрична енергија и истите паѓаат на товар на најповолниот понудувач.**

**Поставувањето на урбаната опрема дозволено е да отпочне по добивање на одобрение за поставување на урбана опрема од страна на Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште при општина Битола.**

**III. Обврски на закупецот:**

- Еднократно да го плати износот од договорениот надомест за целиот период на закуп во рок од 8 (осум) дена од денот на склучувањето на договорот;

- Да ја одржува урбаната опрема која ја поставил и по завршувањето на договорот за закуп локацијата да ја врати во првобитна состојба каква што ја презел од закуподавачот;

- Да овозможи непречен увид на урбаната опрема од страна на закуподавачот во секое време, со или без претходна најава за истото;

- Да ги обезбеди мининално-техничките услови доколку во урбаната опрема се врши угостителска дејност и да ги исполнува општите барања за хигиена на храната

- Да ги почитува сите обврски кои ги презел со договорот за закуп.

Договорите со најповолните понудувачи ќе се склучат за периодот од 15.04.2026 до 15.10.2026 година.

**IV. Доставување на понуди**

5.1. Право на учество на јавниот повик за изнајмување на урбана опрема има секое физичко лице со живеалиште во општина Битола и секое правно лице кое има регистрирано деловно седиште во општина Битола и кое не е во постапка за стечај или ликвидација.

5.2. На избраниот најповолен понудувач му се забранува изнајмување или пренесување на правото на користење на локацијата на трети лица. Комисијата за спроведување на постапката има право да изврши контрола во урбаната опрема за да утврди дали во нив врши дејност избраниот понудувач.

5.3 Понудувачот треба да достави:

*Физички лица*

- Понуда на унифициран образец кој може да се подигне на шалтери во Општина Битола или на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk

- Фотокопија од лична карта

- Уплатница на име депозит за учество на јавно наддавање по Оглас бр.01/2026, во износ од 5.000.оо (пет илјади) денари. Уплатата се врши на следната сметка: Трезорска сметка: 100000000063095 Уплатна сметка: 84010303231 Приходна шифра: 717131 Програма 00 (за секоја локација за која се пријавува понудувачот се доставува посебна уплатница).

• Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот (заверена кај нотар).

• Изјава од понудувачот дека ќе работи согласно позитивните прописи и дека при вршење угостителска дејност и промет на храна презема одговорност за евентуалните недостатоци утврдени од страна на надлежните органи (заверена кај нотар).

*Правни лица*

- Понуда на унифициран образец кој може да се подигне на шалтери во Општина Битола или на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk

- Уплатница на име депозит за учество на јавно наддавање по Оглас бр.01/2026, во износ од 5.000.оо (пет илјади) денари. Уплатата се врши на следната сметка: Трезорска сметка: 100000000063095 Уплатна сметка: 84010303231 Приходна шифра: 717131 Програма 00 (за секоја локација за која се пријавува понудувачот се доставува посебна уплатница).

- Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ

- Потврда за регистрирана дејност издадена од Централен регистар на РСМ

• Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот (заверена кај нотар).

• Изјава од понудувачот дека ќе работи согласно позитивните прописи и дека при вршење угостителска дејност и промет на храна презема одговорност за евентуалните недостатоци утврдени од страна на надлежните органи (заверена кај нотар).

• Потврда дека не е во постапка за стечај издадена од Централен регистар на РСМ;

• Потврда дека не е во постапка за ликвидација издадена од Централен регистар на РСМ;

• Фотокопија од лична карта на управителот;

**Приложените документи да не бидат постари од 30 дена од денот утврден како краен рок за доставување на понуди.**

**V. Начин на доставување на понуда**

Понудата треба да се достави во затворен плик со назнака:

**„НЕ ОТВОРАЈ“**
**ОПШТИНА БИТОЛА**
<u>Комисија за спроведување на оглас за прибирање понуди за издавање на локации за поставување урбана опрема 01/2026</u>
ул. „Булевар Први Мај“ бр.61 Битола
**Понудите да се достават најдоцна до 07.04.2026 година во 12:00 часот.**
**Понудите се доставуваат лично во Архивата на Општина Битола**

НАПОМЕНА:

Комисијата не сноси одговорност за ненавремена и неуредна достава на понудите.

Пример за адресирање на плик за достава на понуда:

| | |
|---|---|
| **"НЕ ОТВОРАЈ“**<br><br>„Да не се отвора пред 07.04.2026<br>Оглас бр.01/2026” | **Општина Битола**<br><br>Комисија за спроведување на оглас за прибирање на понуди за издавање на локациии за поставување урбана опрема<br><br>Ул. „Булевар Први Мај“ бр. 61 Битола |

Општина Битола нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата, нејзино предвремено отворање или губење на истата.

**VI. Јавно отворање на понудите**

Јавното отворање на понудите ќе се изврши по истекот на крајниот рок за доставување на понудите, на 07.04.2026 година во 12:00 часот.

**VII. Јавно наддавање**

➢ Јавното наддавање ќе се одржи по евалуација на доставените понуди и во истото ќе можат да учествуваат понудувачите кои ги исполниле условите предвидени во овој оглас.

**➢ Јавното наддавање ќе започне на ден 09.04.2026 година со почеток:**

- **за локација бр.1 под Мезе Бар Јагода во Битола од 08:30 часот**
- **за локација бр.2 под Мезе Бар Јагода во Битола од 08:40 часот**
- **за локација бр.3 под Мезе Бар Јагода во Битола од 08:50 часот**
- **за локација бр.4 под Мезе Бар Јагода во Битола од 09:00 часот**
- **за локација бр.1 до Детскиот парк, покрај оградата од 09:10 часот**
- **за локација бр.2 до Детскиот парк, покрај оградата од 09:20 часот**

- **за локација бр.3 до Детскиот парк, покрај оградата од 09:30 часот**
- **за локација бр.4 до Детскиот парк, покрај оградата од 09:40 часот**
- **за локација бр.5 до Детскиот парк, покрај оградата од 09:50 часот**
- **за локација бр.1 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 10:00 часот**
- **за локација бр.2 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 10:10 часот**
- **за локација бр.3 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 10:20 часот**
- **за локација бр.4 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 10:30 часот**
- **за локација бр.5 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 10:40 часот**
- **за локација бр.6 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 10:50 часот**
- **за локација бр.7 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 11:00 часот**
- **за локација бр.8 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 11:10 часот**
- **за локација бр.9 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 11:20 часот**
- **за локација бр.10 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 11:30 часот**
- **за локација бр.11 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 11:40 часот**
- **за локација бр.12 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 11:50 часот**
- **за локација бр.13 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 12:00 часот**
- **за локација бр.14 по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен од 12:10 часот**

**➢ Јавното наддавање ќе се одвива во една од просториите на главната општинската зграда.**

**➢ Јавното наддавање ќе се одржи и кога за наддавање за одредена локација се пријавило само едно лице кое ги исполнува условите од Огласот. Доколку единствениот Понудувач ја наддаде почетната цена, тој стекнува статус на најповолен Понудувач.**

**➢Јавното наддавање го спроведува Комисија за спроведување на постапката за издавање на локации за поставување на урбана опрема, формирана од Градоначалникот на општина Битола.**

**➢Наддавањето започнува со објавувањето од страна на претседателот на Комисијата на локацијата-предмет на закуп, почетната цена, чекорот на наддавање и повикување на понудувачите да пристапат кон наддавање. За текот на јавното наддавање Комисијата води Записник.**

**➢Наддавањето се врши „чекорно“ за секоја локација посебно, со зголемување на вредноста со секој „чекор“ на не помалку од 500 денари за локација по должина на градското шеталиште, од лева страна гледано кон градскиот базен, односно 250 денари за локација под Мезе Бар Јагода, како и 400 денари за локација до Детскиот парк, покрај оградата. Учесникот на наддавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не биде наддадена се стекнува со статусот најповолен Понудувач.**

**➢Доколку некоја од локациите остане неиздадена, за учесниците кои нема да се стекнат со статус на најповолен понудувач на некоја од локациите во огласот, по завршувањето на јавното наддавање, Комисијата задолжена за спроведување на наддавањето ќе спроведе втор круг, во кој ќе можат да се пријават сите учесници, кои за време на првиот круг го наткачиле минималниот чекор на некоја од претходно спроведените наддавања од првиот круг.**

**Предмет на јавното наддавање ќе биде вкупната месечната цена за издадената локација за поставување на урбана опрема.**

**VIII. Склучување на договори**

Договори ќе се склучат со најповолните понудувачи кои понудиле највисоки цени на јавното наддавање за секоја локација одделно, согласно точката 7 од овој повик.

Договорите ќе се склучат наредниот работен ден од денот на приемот на Известувањето за избор на најповолен понудувач, кое ќе биде испратено на адресата за електронска пошта наведена во понудата.

**Депонираниот износ за учество на јавното наддавање на најповолниот понудувач ќе се пресмета во договорениот износ за целиот период на закуп.**

Доколку понудувачот кој понудил највисока цена на јавното наддавање, не склучи договор во наведениот рок, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, а депонираниот износ нема да му се врати на понудувачот.

**Комисија за спроведување на постапката**
**за издавање на локации за поставување**
**на урбана опрема**

ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

08. ТЕЗГИ, ТРИЦИКЛИ И ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ




ЛЕГЕНДА:
- Тезги
- Тезги и трицикла
- Тезги и трицикла